# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), на 15-та седница одржана на ден 09.05.2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12 - 2475/1 од 19.04.2019 година.

Предметот со број 12- 2475/1 од 19.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12- 2475/1 од 19.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава, од непознат подносител, со наводи за вршење на партиски активности од страна на лице вработено во Државен пазарен инспекторат, кое во текот на работното време со службено возило разнесувало рекламен изборен материјал во период на Претседателските и Локалните избори 2019 година.

На седницата, по разгледување на сите наводи на предметниот пријавен случај и на доставената фотографија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека станува збор за анонимна пријава во која не може да се утврдат факти ниту пак Државната комисија за спречување на корупцијата може да се увери во веродостојноста на предметните наводи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот."

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk